Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Архитектонски факултет - Скопје

**Совет на докторски студии**
**по архитектура и урбанизам**

Република Северна Македонија
Универзитет "Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Архитектонски факултет-Скопје
1107 Бр. 17/38
14. 12. 2022 год.

# И З В Е Ш Т А Ј

од реализираната годишна конференција
одржана од 5-6 декември 2022 година

Врз основа на обврските утврдени со студиската програма на трет циклус – докторски студии по архитектура и урбанизам и во согласност со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус академски студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, Советот на студиската програма по архитектура и урбанизам во координација со Универзитетската школа за докторски студии и во согласност со годишниот академски календар на Универзитетската школа за докторски студии организираше годишна конференеција, што од 5 до 6 декември 2022 година се одржа на Архитектонскиот факултет во Скопје.

За учество на годишната конференција беа пријавени вкупно 9 студенти запишани во втор семестар на докторските студии по архитектура и урбанизам, а исто толку и учествуваа. Пред одржувањето на конференцијата од студентите се бараше да поднесат пријава за учество на годишната конференција, како и краток труд кој содржи преглед на актуелната литература поврзана со истражувањето на специфичната област од интерес, како можност за изработката на докторскиот труд. Датумот на одржување на годишната конференција, местото и програмата со листата на учесници и насловите на трудовите беа објавени на веб страницата на Архитектонскиот факултет во Скопје на 28 ноември 2022 година, односно 8 дена пред датумот на одржувањето на конференцијата.

Во рамки на годишната конференција студентите учесници реализираа јавна презентација во форма на вербално и визуелно претставување на доставениот пишан труд. Успешното учество на годишната конференција беше вреднувано со 4 ЕКТС кредити, а валоризацијата на кредитите ја вршеше тричлена комисија, составена од: членот на Стручниот совет за докторски студии од подрачјето на студиската програма – проф. д-р Златко Србиновски, раководителот на студиската програма по архитектура и урбанизам - вонр. проф. д-р Јован Ивановски и менторите на студентите. За секоја јавна презентација соодветните комисии изготвија записници за учество на конференцијата и реализираната јавна презентација, што се дел од досието на студентите.

Со цел збогатување на програмата на годишната конференција во насока на размена на научни, стручни и педагошки знаења и искуства и продлабочување на стручните дискусии, со поддршка на Деканатот на Архитектонскиот факултет во Скопје, на годишната конференција беа поканети и учествуваа и повеќе гости од странство: проф. д-р Тихомир Јукиќ од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, вонр. проф. д-р Кристина Царева, раководител на докторските студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб и доц. д-р Снежана Весниќ од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград. Покрај учество на гостите во дискусиите со студентите во рамки на јавните презентации, проф. д-р Тихомир Јукиќ одржа јавно предавање, осврнувајќи се на сопствената научно-истражувачка, педагошка и проектанска работа поврзана со стратешкиот развој на градот Загреб.

Во насока на подобрување на квалитетот и длабочината на достапните информации за секое од индивидуалните истражувања на студентите што учествуваа на годишната конференција, со цел максимирање на потенцијалот за размена на научно-итражувачките

искуства пред домашната и меѓународната јавност беше подготвена и отпечатена двојазична книга на апстракти (на македонски и англиски јазик), во издание на Архитектонскиот факултет во Скопје.

Како составен дел на структурата на докторската школа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и студиската програма на докторските студии по архитектура и урбанизам, планираните и реализираните активности на првата годишна конференција придонесоа за збогатување на академското искуство и на севкупниот образовен курикулум на Архитектонскиот факултет во Скопје, каде во иднина докторските студии треба да заземаат сѐ позначајно место.

Составен дел на овој извештај е програмата на првата годишна конференција одржана од 5 до 6 декември 2022 година, во која се наведени датумот на одржување, местото и агендата со листата на учесниците.

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

Раководител на Советот на
трет циклус – докторски студии
по архитектура и урбанизам

Вонр. проф. д-р Јован Ивановски

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ – СКОПЈЕ

ШКОЛА ЗА ДОКТОРСКИ СТУДИИ
**ДОКТОРСКИ СТУДИИ ПО АРХИТЕКТУРА И УРБАНИЗАМ**

## ГОДИШНА КОНФЕРЕНЦИЈА
5 - 6 декември 2022 год.

# П Р О Г Р А М А :

## 5.12.2022 I понеделник

Амфитеатар

18.30 – 18.45 пристигнување на учесниците

18.45 – 19.00 воведни обраќања
**проф. д-р Огнен Марина**
Декан на Архитектонскиот факултет во Скопје
**вонр. проф. д-р Јован Ивановски**
Раководител на Советот на докторските студии

19.00 – 20.00 предавање + прашања
**проф. д-р Тихомир Јукиќ**
Архитектонски факултет,
Универзитет во Загреб

## 6.12.2022 I вторник

Сала - 115

12.45 - 13.00 пристигнување на учесниците

13.00 - 17.40 јавни излагања на докторандите

| Термин: | Студент: | Сем. | Ментор: |
|---|---|---|---|
| 13.00 – 13.20 | **Симона Костовска** | 2 | вонр. проф. д-р Саша Тасиќ |
| 13.30 – 13.50 | **Ива Петрунова** | 2 | проф. д-р Страхиња Трпевски |
| 14.00 – 14.20 | **Сумејје Жупани** | 2 | проф. д-р Митко Хаџи Пуља |

14.20 – 14.40 пауза

| Термин: | Студент: | Сем. | Ментор: |
|---|---|---|---|
| 14.40 – 15.00 | **Егзона Вејсели Зендели** | 2 | проф. д-р Минас Бакалчев |
| 15.10 – 15.30 | **Влора Алиу** | 2 | вонр. проф. д-р Бојан Каранаков |
| 15.40 – 16.00 | **Мељиха Исмаил** | 2 | проф. д-р Анета Христова Поповска |

16.00 – 16.20 пауза

| Термин: | Студент: | Сем. | Ментор: |
|---|---|---|---|
| 16.20 – 16.40 | **Фиторе Узаири Дехари** | 2 | вонр. проф. д-р Мери Батакоја |
| 16.50 – 17.10 | **Сара Алиу Далипи** | 2 | вонр. проф. д-р Горан Мицковски |
| 17.20 – 17.40 | **Аљоша Шопар** | 2 | вонр. проф. Слободан Велевски |

Во дискусиите што ќе следат по излагањата на докторандите, покрај членовите на Комисијата за валоризација на кредитите во состав: ментор на студентот, вонр. проф. д-р Јован Ивановски, раководител на Советот на докторски студии и проф. д-р Златко Србиновски, член на Стручниот совет на докторски студии, свое учество ќе земат и гостите наставници: **проф. д-р Тихомир Јукиќ** од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, **вонр. проф. д-р Кристина Царева**, раководител на докторските студии на Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Загреб, како и **доц. д-р Снежана Весниќ** од Архитектонскиот факултет при Универзитетот во Белград.